**Биографски податоци:**

Игор Камбовски е доктор на правни науки, редовен професор на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Игор Камбовски е во брак со Соња Камбовска и има две деца, Владимир Камбовски и Ана Камбовска.

Игор Камбовски е роден на 23.08.1972 година во Битола. Основното и средното образование ги завршил во Скопје, а во академската 1991/92 година се запишал на Правниот факултет на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Правните студии ги завршил во Октомври 1995 година а во 1998 година се запишал на последипломските студии по деловно право на Правниот факултет во Скопје. По положувањето на предвидените испити и изготвувањето на магистерскиот труд на тема „Застапувањето како институт во трговското и граѓанското право“, истиот го одбранил на 4.07.2007 година со што се стекнал со звање магистер по деловно право. Во октомври 2007 година пријавил докторска дисертација на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје со наслов „Електронска трговија и електронски договор“ и истата јавно ја одбранил на 13.10.2009 година, со што се стекнал со звање доктор на правни науки.

Игор Камбовски во периодот од 1.01.1996-15.01.1998 година волонтирал во Основниот суд Скопје 1-Скопје каде бил ангажиран на граѓански и кривични предмети. Во февруари 1999 година го положил правосудниот испит.

Од 1.05.1998 година до 15.01.2005 година Игор Камбовски работел во Канцеларијата на Народниот правобранител-Омбудсман како советник и државен советник. Во наведениот период учествувал на над 30 обуки, семинари и работни посети во канцелариите на Омбудсманите во Велика Британија, Полска, Франција, Бугарија, како и во подрачните канцеларии на Омбудсманот во државата. Работел на претставки и предмети за заштита на човековите права во областа на правосудството, работните односи, детските права и правата на лицата кои се на издржување на затворски казни. Учествувал во изготвувањето на секторските годишни извештаи на Омбудсманот од наведените области.

Од 15.01.2005 година бил вработен на Факултетот за правни науки на Првиот Приватен Универзитет ФОН како помлад асистент на предметот Граѓанско право и Право на друштвата, а по магистрирањето во 2007 година бил избран за асистент од областа на правните дисциплини. Со одлука бр. 14-6362/2 на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки на ФОН Универзитетот од 30.11.2009 година, Игор Камбовски е избран во звање доцент од областа на граѓанско-правните дисциплини. Со одлука бр.14-1417/4 на Наставно-научниот совет на Факултетот за правни науки на ФОН Универзитетот од 18.09.2014 година д-р Игор Камбовски е избран во звање вонреден професор во наставно-научната област Граѓанско право.

Во периодот октомври 2010-октомври 2011 година проф. д-р Игор Камбовски бил декан на Факултетот за правни науки на ФОН Универзитетот. Учествувал во работата на повеќе работни групи на ФОН Универзитетот за подготовка на студиските програми на Универзитетот и во спроведување и правна поддршка на Универзитетските проекти. Од 20.11.2011 година до 01.06.2015 година Игор Камбовски бил раководител на Катедрата за граѓанско право на Факултетот за правни науки.

Проф. д-р Игор Камбовски од 2010 до 2015 година имал континуиран ангажман како визитинг-наставник на Правниот факултет Кичево (со дисперзирани студии во Битола и Струга) во рамки на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола.

Со Одлука бр.1102-126/15 од 22.04.2015 година на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип д-р Игор Камбовски е избран во звање вонреден професор за наставно-научната област Граѓанско право, а во декември 2019 година е избран во звање редовен професор.

Проф. д-р Игор Камбовски е раководител на катедрата за граѓанско право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ од октомври 2015 година. Од март 2019 година до јуни 2022 е член на Универзитетскиот сенат (сенатор) на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Од октомври 2017 година до октомври 2019 година е раководител и главен истражувач на двегодишниот универзитетски научно-истражувачки проект „Местото, улогата и значењето на Државното правобранителство во правосудниот систем на РМ“. Од февруари 2021 година е независен експерт во проектот „Патиштата на хероите“ склучен меѓу Европската извршна агенција за образование и култура EACEA и Националната установа Македонски народен театар. Во 2018 година е ангажиран од Јавната научна установа Институт за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија-ИЗИИС при УКИМ за стручна анализа на правните аспекти и финансиските активности на неколку проекти на Институтот. Во 2022 и 2023 година е ангажиран на неколку приекти во граѓанскиот сектор како експерт за стручна правна анализа на законска регулатива од областа на енергетиката, животната средина, заштита на уставноста и законитоста на поединечни правни акти на органите на управата и законски и подзаконски акти.

Проф. д-р Игор Камбовски има објавено неколку монографии, учебници, прирачници и брошури и над 100 научни и стручни трудови од областа на граѓанското право, облигационото право, човековите права, заштитата на личните податоци и правото на електронската трговија. Учествувал на неколку научно-истражувачки и апликативни проекти, како и на над 80 меѓународни научни конференции и собири. Камбовски бил предавач и обучувач на десетина работилници и обуки од областа на граѓанското право и човековите права. Има извршено стручна редакција на 15 преводи на книги и учебници од странски автори, како и над 20 стручни рецензии на учебници за средно образование. Од 2018 година Камбовски е Национален тутор на HELP програмата на Советот на Европа. Учествувал во работната група за измени на Законот за медијација. Од март 2011 година е член на Уредувачкиот одбор на стручното списание „Правник“, а од 2016 година и на Издавачкиот одбор на Меѓународното списание за општествени науки „Визионе“. Од август 2022 година проф. д-р Игор Камбовски е член на Комисијата за изготвување на Граѓански законик на Република С. Македонија.

Проф. д-р Игор Камбовски од јуни 2008 година до јуни 2014 година бил независен член на Надзорниот одбор на Поштенска банка А.Д. Скопје. Од декември 2012 година до јуни 2020 година бил член на Бордот на директори и правен советник во Млекара А.Д. Битола. Камбовски од март 2018 е активен член на Асоцијацијата за Електронска трговија на Македонија. Од јуни 2019 година до ноември 2022 година бил независен член на Надзорниот одбор на Стопанска банка А.Д. Битола. Член е на Управниот одбор на Здружението на правници на РС Македонија од септември 2023 година, и на Управниот одбор на Еко-свест-Центар за истражување и информирање за животната средина од април 2024 година.

Активно го владее англискиот јазик, има основни познавања на францускиот јазик.

**Контакт:**

**Игор Камбовски**

**ул. Мирослав Крлежа 48/4**

**1000 Скопје, Р. С. Македонија**

**тел. +389 70 235602**

**e-mail: kambovski@gmail.com**

**igor.kambovski@ugd.edu.mk**